РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број / Numer. 03-278
19.11.2026 Скопје / Shkup

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 55 ставови 2 и 4 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4241/1 од 1.10.2025 г., Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3993/1 од 30.10.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-4266/10 од 18.11.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 39. седница одржана на 18.11.2026 г., го донесе следното

Решение
за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 55 ставови 2 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, изданијата на забавно-информативниот програмски појас - „Ја сакам Македонија“ и на засебната програмска целина „Ризници на вкусови“ емитувани на 2., 5., 9., 12., 16., 19., 23., 26. и 30.9.2026 г. и на 3.10.2026 г., ни на почетокот ни на крајот, ниту по продолженијата по паузите за рекламирање, не ги информираа гледачите соодветно и јасно дека содржат пласирани производи и/или услуги, односно преку нивно посебно промотивно препорачување директно поттикнуваа купување или изнајмување пласирани стоки или услуги, а спротивно на забраната за аудиовизуелни комерцијални комуникации за алкохол и алкохолни пијалаци (освен вино и пиво), во одредени изданија на „Ризници на вкусови“ видливо беше презентирана и ракијата „Dukat“, производ на винаријата „Monteko“.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3993/1 од 30.10.2026 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2.МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3.По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4.Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенција) врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка - јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени

врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Членот 55 став 2 од ЗАВМУ, пропишува дека аудио и аудиовизуелните програми кои содржат пласирање производи треба да ги исполнуваат следниве услови: нивната содржина и организација во рамките на програмската шема, во случај на телевизиско и радиоемитување или во каталогот на програми, во случај на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, нема во ниту еден случај да трпат влијание на начин што ќе има ефект врз одговорноста и уредничката независност на давателот на медиумски услуги; нема директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги, особено преку посебно промотивно препорачување на стоките и на услугите; нема да му придаваат претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор и гледачите и слушателите да бидат јасно информирани за постоењето на пласирањето производи на почетокот и на крајот на програмата и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите и кај слушателите.

Членот 55 став 4 од ЗАВМУ, пропишува дека не е дозволено пласирање цигари и други производи од тутун, електронски цигари и средства за нивно дополнување, алкохол и алкохолни пијалаци (освен вино и пиво), оружје, стрелачки и пиротехнички средства, како и пласирање производи на правни или физички лица чија основна дејност е производство или продажба на производи и услуги за кои со овој закон се забранети аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 30 октомври 2026 г., изврши вонреден, по службена должност програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2., 5., 9., 12., 16., 19., 23., 26. и 30.9.2026 г. и на 3.10.2026 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 55 ставови 2 и 4 од ЗАВМУ.

Имено, спротивно на членот 55, став 2, алинеи 2, 3 и 4 од ЗАВМУ, во рамки на забавно информативната програма - програмскиот појас насловен: „Ја сакам Македонија“, емитуван на 2., 5., 9., 12., 16., 19., 23., 26. и 30.9.2026 г. и на 3.10.2026 г., во периодите на премиерно емитување (почеток и крај) наведени во табеларниот преглед во точка 7 – „Констатации од надзорот“, на страница 2 од Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3993/1 од 30.10.2026 г., и во засебната програмска целина – забавна емисија „Ризници на вкусови“, емитувана на 2, 9., 16., 23 и 30 септември 2026 г. (вклучително и репризите од 5, 12, 19, 26 септември 2026 г. и 3 октомври 2026 г.) во периодите на емитување (почеток и крај) наведени во табеларниот преглед во точка 7 – „Констатации од надзорот“, на страница 3 од цитираниот Писмен извештај, преку посебно промотивно препорачување директно поттикнуваа купување стоки и услуги, и ниту на почетокот ниту на крајот, ниту по прекините за рекламирање, не ги информираа јасно гледачите дека содржат пласирани производи и/или услуги. Начинот на кој е извршено посебното промотивно препорачување со кое директно се поттикнува купување стоки и услуги е посочен во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3993/1 од 30.10.2026 г. страници 2 и 3.

Воедно, спротивно на членот 55, став 4 од ЗАВМУ, констатирано е дека во анализираните изданија на емисијата „Ризници на вкусови“ од 9., 16., 23 и 30 септември 2026 г. (вклучително и нивните репризи) и покрај забраната за аудиовизуелни комерцијални комуникации за алкохол и алкохолни пијалаци (освен вино и пиво) - од почетниот до последниот кадар, низ многу крупни (детални) и низ средни планови на снимање, видливо беше прикажувана ракијата „Dukat“, производ на винаријата „Monteko“. Цитатите од изданието на „Ризница на вкусови“ од 30 септември, како пример за повторливото недозволено посебно промотивно препорачување се прикажани во точка 7 – „Констатации од надзорот“ од Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3993/1 од 30.10.2026 г., страници 4 и 5.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје на 4.11.2026 г., испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување арх.бр.10-3993/2 од 4.11.2026 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3993/1 од 30.10.2026 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 5.11.2026 г. Во предвидениот рок, ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на ЗАВМУ. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 18.11.2026 г., го разгледа предметниот

Писмен извештај и заклучи на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 55 ставови 2 и 4 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3993/1 од 30.10.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-4266/10 од 18.11.2026 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 18.11.2026 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

Прилог (1):

- Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3993/1 од 30.10.2026 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
Претседател на Совет,

м-р Сашо Стефановски

Правна поука: Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:

- ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено: Pranuar:		30.10.2026	
Орг. Един. Nj.org.	Број: / Numer:	Прилог: Shtojce:	Вредност: Vlera:
10	3993/1		

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден, по службена должност;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 2, 5, 9, 12, 16, 19, 23, 26, 30 септември и 3 октомври 2026 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 30 октомври 2026 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Членовите 53, 54 и 55 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи – пречистен-текст** (Бр. 01-2970/1 од 05.07.2024);
   - **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (Бр. 01-4897/1 од 22.11.2024);
6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор реализиран врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2, 5, 9, 12, 16, 19, 23, 26, 30 септември и на 3 октомври 2026 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 55, ставови 2 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ)**

(„(2) Аудио и аудиовизуелните програми кои содржат пласирање производи треба да ги исполнуваат следниве услови:
- нивната содржина и организација во рамките на програмската шема, во случај на телевизиско и радиоемитување или во каталогот на програми, во случај на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, нема во ниту еден случај да трпат влијание на начин што ќе има ефект врз одговорноста и уредничката независност на давателот на медиумски услуги,
- нема директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги, особено преку посебно промотивно препорачување на стоките и на услугите,
- нема да му придаваат претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор и

- гледачите и слушателите да бидат јасно информирани за постоењето на пласирањето производи на почетокот и на крајот на програмата и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите и кај слушателите.“
„(4) Не е дозволено пласирање цигари и други производи од тутун, електронски цигари и средства за нивно дополнување, алкохол и алкохолни пијалаци (освен вино и пиво), оружје, стрелачки и пиротехнички средства, како и пласирање производи на правни или физички лица чија основна дејност е производство или продажба на производи и услуги за кои со овој закон се забранети аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации.“).

Спротивно на членот 55, став 2, алинеи 2, 3 и 4 од ЗААВМУ – програмскиот појас насловен – „Ја сакам Македонија“ и засебната програмска целина - „Ризници на вкусови“ – преку посебно промотивно препорачување директно поттикнуваа купување стоки и услуги, и ниту на почетокот ниту на крајот, ниту по прекините за рекламирање, не ги информираа јасно гледачите дека содржат пласирани производи и/или услуги, односно:

- анализираните изданија на утринскиот, повеќечасовен забавно-информативен програмски појас - „Ја сакам Македонија“ – или воопшто не беа означени со обврзната сигнализација за програма во која се пласирани производи или не ги почитуваа доследно и подробно правилата и начинот за соодветното означување, иако - постојан, видливо истакнат дел од студиските реквизити беа – водата „Ладна“ и кафето „Браво“;
- директно се поттикнуваше купување на кафето „Браво“, особено преку посебно промотивно препорачување со просечно времетраење од 2 минути, така што во рамки на забавно-информативниот програмски појас „Ја сакам Македонија“ беше отворена и телефонска линија преку која, со слоганот – „*Пиј си кафе секој ден и биди награден*“ - на најбрзите гледачи им беше доделуван по килограм кафе од трговската марка - „Браво“, при што, беше промовирана и тековната наградна игра организирана од „Рио-кафе“, преработувачот и дистрибутер на кафето;

Наслов на емисијата	Датум на емитување	Период на премиерното емитување	
		Почеток	Крај
„Ја сакам Македонија“ – забавно-информативна програма;	2 септември	06:45:46	10:02:10
	5 септември	07:00:56	10:01:19
	9 септември	06:45:51	10:00:45
	12 септември	07:01:17	09:59:58
	16 септември	06:45:45	10:01:33
	19 септември	07:00:55	10:01:32
	23 септември	06:45:40	09:59:40
	26 септември	07:00:50	10:00:14
	30 септември	06:45:15	10:01:12
	3 октомври	07:00:32	10:01:53

- изданијата од забавната емисија „Ризници на вкусови“, емитувани премиерно секоја среда, а репризно секоја сабота, со времетраење од 15 до 25 минути, како засебна аудиовизуелна целина во рамките на утринскиот, забавно-информативен програмски појас насловен „Ја сакам Македонија“ - воопшто не обезбедија јасна информација за гледачите дека содржат пласирање производи и/или услуги, и визуелно и вербално, посебно промотивно препорачуваа: услуги од кафеани и од ресторани, производи од винаријата „Monteko“ - посебно ракијата „Dukat“, како и други сорти брендирани вина од различни производители;

Наслов на емисијата	датум на емитување	Период на емитување	
		Почеток	Крај
„Ризници на вкусови“ – забавна емисија;	**2 септември**	09:21:55	09:47:45
	(*реприза - 5 септември*)	09:29:40	09:55:31
	9 септември	09:15:04	09:36:47
	(*реприза - 12 септември*)	09:26:02	09:47:46
	16 септември	09:13:53	09:32:19
	(*реприза - 19 септември*)	09:09:07	09:27:35
	23 септември	09:14:08	09:28:51
	(*реприза - 26 септември*)	09:13:06	09:27:49
	30 септември	09:15:54	09:40:50
	(реприза 3 октомври)	08:59:28	09:24:02

- изданијата на емисијата „Ризници на вкусови“ целосно беа снимени во амбиентите на промовираните кафеани и ресторани, а континуитетот на снимањето беше разбиван со паралелна монтажа од слајдови и од стоп-кадри што ја презентираа понудата за храна и за пиење; прашањата низ кои се водеа разговорите со сопствениците или со менаџерите на кафеаните и на ресторaните, беа во функција на – посебно промотивно препорачување, со повеќекратни директни повици и препораки до гледачите да ги посетат кафеаните / ресторaните, како и да ги вкусат производите и пијалоците од винаријата „Monteko“; односно, основна цел на прашањата, со повторлив образец низ различни изданија на емисијата, беше - презентирање конкретни угостителски аспекти: - кусиот историјат на кафеаната / ресторанот и тековниот бизнис-план; - капацитетите на повеќефункционалниот простор; - описни подробности за квалитетот на менито – набавка намирници, состојки и начин на подготовка специјалитети од менито;
- непосредно пред изданието на емисијата „Ризници на вкусови“ од 19 септември 2026 година, без каква било ознака за пласирање производи, беше емитуван и посебен прилог со времетраење од 6 минути и 42 секунди, направен како жанровски спој од - информативна репортажа и комерцијална презентација - за кратовската винарија „Monteko“, која беше експлицитно, но само вербално наведена и како спонзор на емисијата „Ризници на вкусови“.

Спротивно на членот 55, став 4 од ЗААВМУ, во анализираните изданија на емисијата „Ризници на вкусови" од 9, 16, 23 и 30 септември (вклучително и нивните репризи) - и покрај забраната за аудиовизуелни комерцијални комуникации за алкохол и алкохолни пијалаци (освен вино и пиво) - од почетниот до последниот кадар, низ многу крупни (детални) и низ средни планови на снимање, видливо беше прикажувана ракијата „Dukat", производ на винаријата „Monteko".

Во продолжение се прикажани цитати од изданието на „Ризница на вкусови" од 30 септември, како пример за повторливото недозволено посебно промотивно препорачување:

***Контекстуална белешка**: Воведниот кадар во разговорот е со мношне крупен (детален) план од етикетата на ракијата „Dukat", проследен со следниве прашања:*

(буквални) цитати од изданието снимено во амбиентот на скопската кафеана – „Буре" :

- *Дукат! Саше е дукат човек, исто како ракијата што денес ја пиеме овде во „Буре";*
- *Како се случува „Буре"? Чива идеја е? Како влегуваш ти во овој објект пред 15 години?;*
- *Е, сега Саше, да ни кажеш што имаме на масава, како мезе вака со ракијава, и да речам, традиционално јадење во „Буре"?;*
- *Леле, дојдете почитувани гледачи да видите што е телешки мускул... Убавина! Многу ми е жал почитувани гледачи што вие не можете да мириснете;*
- *Зимно време, драги гледачи, „Буре" ми е омилено. Нема што нема: од кисела зелка, од пача, од чварчиња... Да дојде зимава побрзо, со црно винце и фурнаринки... Знаеш што ми е интересно Саше – странциве кога ќе го видат ова вака, они не знаат дека е тоа предјадење, за со ракија, они мислат - тоа е тоа. Сега ќе ни раскажеш каква скара има, бидејќи е феноменална;*
- *Ако те прашам кои се топ 5 традиционални јадења коишто најмногу ги бараат? Знам дека е тешко, бидејќи имате солидно, големо мени, убаво - од вкусно повкусно, но – ако треба да одбереш топ 5 коишто најмногу ги нарачуваат и поради коишто најмногу се враќаат гостите?;*
- *Каква е таа гурманска плескавица, за да знаат гледачите?;*
- *Да те прашам нешто многу важно: Колкав капацитет имаш со луѓе, колку луѓе прибира објектот? Бидејќи е многу убав, многу убаво направен, има и погорен дел, ќе видат нашите гледачи и долу. И дали има простор да организираат луѓето прослави, забави?;*
- *Бидејќи спомна 15 години (постоење), има ли гости што доаѓаат од почетокот до денеска? Дали знаат гостите да го ценат постојаниот квалитет?;*
- *Доаѓаат некои нови, млади гости. Многу е популарно ова нарачувањево по телефон. Луѓето сакаат дома да јадат. Вие го работите и тоа?;*
- *Инаку, кога сме кај добрите навики, Саше има добра навика да пие добро вино, па во продолжение ќе отвориме едно, па ќе си го продолжиме муабетот. Саше се одлучи за шардоне;*

***Контекстуална белешка**: Чашите, киблата / кулерот и крпата – дел од сервисот за виното, видливо се брендирани со логото на „Монтеко", а финалниот кадар на оваа секвенца е со многу крупен план врз логото на „Монтеко" што е, потоа, монтажно поврзан со името - „Ризници на вкусови";*

- *Е, сега, бидејќи „Буре“, почитувани гледачи е познато по традиционални рецепти и по месо, добро месо, знаат ли луѓето да комбинираат со вино?;*
- *Е, па, почитувани гледачи – оладено вино, оладена ракија, домат, видете какви пинџурчиња, ајварчиња, убаво мевце... Само ќе си дојдете вие во „Буре“, сè ви е наместено, направено, зимница направена, сè е – само да си дојдете и да си уживате;*
- *Вие почитувани гледачи не чекајте 15 години, дојдете си во „Буре“, друг да ве служи, друг да ви угоди и да си поминете фантастично.*

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 55, ставови 2 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, изданијата на забавно-информативниот програмски појас - „Ја сакам Македонија“ и на засебната програмска целина „Ризници на вкусови“, емитувани на 2, 5, 9, 12, 16, 19, 23, 26 и 30 септември и на 3 октомври 2026 година, ни на почетокот ни на крајот, ниту по продолженијата по паузите за рекламирање, не ги информираа гледачите соодветно и јасно дека содржат пласирани производи и/или услуги, односно преку нивно посебно промотивно препорачување директно поттикнуваа купување или изнајмување пласирани стоки или услуги, а спротивно на забраната за аудиовизуелни комерцијални комуникации за алкохол и алкохолни пијалаци (освен вино и пиво), во одредени изданија на „Ризници на вкусови“ видливо беше презентирана и ракијата „Dukat“, производ на винаријата „Monteko“.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи – **во рок од 20 дена по приемот на решението** да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Сектор за програмски работи